**Република Северна Македонија**
**ОПШТИНА ВАСИЛЕВО**

**Бр.10-475/4**
**01.06.2023 год.**
**ВАСИЛЕВО**

Градоначалникот на Општина Василево, решавајќи на предлогот од комисијата за урбанизам, формирана од Градоначалникот на Општина Василево, со Решение бр. 09-100/1 од 25.01.2023 година за одобрување на **Планска програма за урбанистички проект за вон опфат на урбанистички план за изградба на верски објекти - џамија, на дел од КП бр.960, КО Доброшинци - вонград, Општина Василево**, врз основа на член 44 став (7) од Законот за урбанистичко планирање ("Службен Весник на Република Северна Македонија" бр. 32/20), го донесува следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се одобрува **Планска програма за урбанистички проект за вон опфат на урбанистички план за изградба на верски објекти - џамија, на дел од КП бр.960, КО Доброшинци - вонград, Општина Василево,** изработена од Друштво за проектирање ВИЗУРА ДООЕЛ Струмица со технички број 2392-1/22 од Јуни 2022 година.

**О б р а з л о ж е н и е**

На системот е-урбанизам е иницрана постапка со бр.49979 заведена со архивски број 10-475/1 за одобрување на **Планска програма за урбанистички проект за вон опфат на урбанистички план за изградба на верски објекти - џамија, на дел од КП бр.960, КО Доброшинци - вонград, Општина Василево** од Друштво за проектирање ВИЗУРА ДООЕЛ Струмица.

Со барањето за одобрување иницијаторот ги приложи следниве документи:

- Планска програма за урбанистички проект за вон опфат на урбанистички план за изградба на верски објекти - џамија, на дел од КП бр.960, КО Доброшинци - вонград, Општина Василево, изработена од Друштво за проектирање ВИЗУРА ДООЕЛ Струмица со технички број 2392-1/22 од Јуни 2022 година

- Геодетски елаборат за геодетски работи за посебни намени за ажурирана геодетска подлога изработен од ДГРУ ГЕОПЛАН КОМПАНИ ДОО Струмица со бр. 08-09/158/3 од 27.05.2022 година.

- Полномошно од Здружение одбор за изградба на верски објекти СЕХАРЕ, с.Доброшинци, Василево ЕМБС 7593210 застапувано од Џелал Шаре ЕМБГ 2708954473015 дадено на лицето Александра Едровска од Струмица ЕМБГ 1109957465027 да ја води постапката за одобрување на Урбанистичкиот проект.

- Изјава заверена на нотар од Здружение одбор за изградба на верски објекти СЕХАРЕ, с.Доброшинци, Василево ЕМБС 7593210 застапувано од Џелал Шаре ЕМБГ 2708954473015 за финансирање на урбанистичкиот проект.

Градоначалникот на Општина Василево по извршениот увид на приложената документација и предлогот за одобрување на **Планска програма за урбанистички проект за вон опфат на урбанистички план за изградба на верски објекти - џамија, на дел од КП бр.960, КО Доброшинци - вонград, Општина Василево** со бр. 10-475/3 од 26.05.2023 година од Комисијата за урбанизам, констатира дека барањето е основано и се исполнети условите согласно член 44 став (7) од Законот за урбанистичко планирање ("Службен Весник на Република Северна Македонија" бр. 32/20).

Врз основа на горе изнесеното се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова Решение барателот може да поднесе жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на одобрението до Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот, таксирана со 250 денари на трезорска сметка на НБРМ бр.100000000063095, уплатна сметка 840-109-03182, цел на дознака Административни такси, приходна шифра 722315 00

**ОПШТИНА ВАСИЛЕВО**
ГРАДОНАЧАЛНИК
Славе Андонов